Младински Културен Центар – Битола

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2020

БИТОЛА, ФЕВРУАРИ 2021

## ЗА МКЦ-БИТОЛА

Младински културен центар - Битола е младинска, непрофитна, граѓанска организација основана во 1999 година. **Мисијата** на МКЦ-Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.

**Долгорочни цели:**

- Развој на волонтерството и неформалната едукација;
- Развој на демократското и граѓанското општество;
- Развој на урбаната култура и продукција.

**Краткорочни цели:**

- Одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија;
- Подобрување и јакнење на вештините кај младите;
- Поддршка и потикнување на граѓански иницијативи и кампањи;
- Поддршка и афирмација на урбаната култура.

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, урбаната култура и граѓанските иницијативи.

МКЦ - Битола е член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година. Од 2015 година сме национален координатор на активностите на Регионалната платформа за социјални иновации во младинското вработување во југоисточна Европа - YOUSEE. Како национален Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ), МКЦ - Битола е неформално вмрежена со 6 партнерски граѓански организации кои функционираат како Волонтерски Информативни Точки (ВИТ) во Тетово, Кавадарци, Прилеп, Свети Николе, Скопје и Струмица.

Од 2019 година МКЦ-Битола е национален координатор на проектот ROUTE WB6 под лидерство на РИКО (RYCO) за воспоставување на регионална програма за размена на волонтери на Западен Балкан.

МКЦ - Битола е регионална канцеларија на ГА МОСТ, член на младинските платформи Национален младински совет на Македонија (НМСМ) и Сојуз за младинска работа (СМР), член на Платформата за борба против сиромаштија, Коалицијата Сите за правично судење, локалната Коалиција за борба против трговија со луѓе, Сојузот за развој на образованието за возрасни, Мрежата на овластени здруженија за бесплатна правна помош, Мрежа за поддршка на млади претприемачи, Платформата за медиумска писменост, Мрежата за финансиска одржливост на ГО, Јадро - Асоцијација на независната културна сцена, КООПЕРАТИВА – Регионална платформа за културна соработка и Европската мрежа на дебатни центри “Time to talk”.

## ВОВЕД

За повеќе од 20 години постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Македонија, регионот на југоисточна Европа и пошироко.

МКЦ – Битола активно работи на промоција на волонтерството во Република Македонија, вклучувајќи во своите активности различни волонтерски програми наменети за младите луѓе. Шеснаесет години континуирано, преку најразлични активности, го одбележува 5-ти декември – Меѓународниот ден на волонтерите, а тринаесет години организира доделување на национални волонтерски награди – златен сертификат за волонтерски ангажман. МКЦ – Битола од 2006 година години работи како национална канцеларија на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ) координирајќи ја  размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти и соработува со други локални и меѓународни организации кои промовираат слични вредности.

Во рамките на МКЦ – Битола функционира тренинг сервис преку кој континуирано се реализираат голем број на локални, национални и меѓународни обуки за развој на вештини, знаења и компетенции кај младите луѓе.

Од 2011 година, МКЦ – Битола е овластено здружение за давање претходна правна помош и е запишано во регистарот на здруженијата за претходна правна помош што го води Министерството за правда на Република Македонија.

МКЦ – Битола активно се вклучува во процесите на креирање на јавните политики на локално и на национално ниво, како и во мониторинг на трошењето на јавните пари на локалните власти, мониторинг на децентрализацијата и креирање и анализа на ефективни документи за јавни политики. МКЦ - Битола учествува во национални проекти како локален или регионален партнер при изработката на мониторинг извештаи (транспарентност икомуникации со јавност на општините,  јавни набавки, децентрализација) кои се однесуваа на општините  од Пелагонискиот регион - Битола, Демир Хисар, Новаци, Ресен, Могила, Крушево, Кривогаштани, Долнени, Прилеп.  Дополнително, МКЦ – Битола води и активно се вклучува и во работни групи за креирање на национални и локални стратегии (Стратегија за унапредување и развој на волонтерството, Стратегија на општина Битола за соработка со граѓанските организации 2019-2022, Стратегија за волонтерство на општина Битола 2015 – 2018, иницијатива за формирање на локален младински совет на општина Битола, иницијатива за формирање на Национален младински совет, Локална стартегија за намалување на младинската невработеност на Ромите во општина Битола 2018-2020, воспоставување на Локален совет за волонтирање во општина Битола, подготовка на Акциски план на ЛЕСС Битола 2019 – 2022).

На крај, 2020 година ја обележа МКЦ – Битола како силна младинска и волонтерска организација, овозможувајќи им на таков начин активно учество на младите од Битола во подобрувањето на квалитетот на живот во локалната заедница.

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ:

Во текот на 2020 година, МКЦ – Битола продолжи со развивање и реализација на проекти и активности во рамките на новите пет програми:

1. Волонтерство
2. Неформално образование и јакнење на вештини на младите
3. Граѓански активизам
4. Урбана култура
5. Организациски развој

Развивањето на проектите и програмите претставува широко партиципативен процес на планирање врз база на потребите на корисниците и заедничка соработка со други граѓански организации и партнери од земјата и регионот. Притоа, главните компоненти на програмските активности за 2020 година беа насочени кон:

- Зајакнување на активизмот меѓу младите во локалната заедница преку волонтирање и понуда на можности за неформално образование,
- Поддршка на процесите за унапредување на социјалниот дијалог и партиципативно носење на одлуки на локално ниво
- Поттикнување и активно учество во иницијативи на локално и национално ниво за намалување на младинската невработеност
- Прилагодување и реорганизација на активностите поради пандемијата на КОВИД-19 и почитување на пропишаните протоколи за заштита при организирање на настани
- Активно учество и организација на јавни дебати, трибини и работилници за клучни прашања за граѓанскиот ангажман (волонтерство, младинска работа, вработливост на младите, активни мерки за вработување, практикантство, неформално образование, младински активизам, младинско организирање),
- Поддршка за урбаната култура и продукција.

Програмата за 2020 година беше реализирана со поддршка на: Меѓународниот центар Олоф Палме, РИКО програмата со фондови на Министерството за надворешни работи на Норвешка, Европската Комисија, СОС Детско село Северна Македонија, Меѓународна организација на трудот, УНДП, Министерството за култура на РСМ, Фондацијата отворено општество Македонија и други спонзори и поддржувачи од бизнис секторот.

## ПРОГРАМА: ВОЛОНТЕРСТВО

### ПРОЕКТ: ROUTE WB6 (ПАТ ЗАПАДЕН БАЛКАН 6)

МКЦ-Битола е партнерска организација во конзорциум од 6 организации од Западен Балкан под водство на RYCO кои имаат за цел да воспостават регионална програма за размена на волонтери како придонес кон помирувањето и подоброто разбирање помеѓу младите во овие земји.

Волонтерските размени ќе почнат во 2021 година, а оваа година се дизајнираше програмата и подготовките за ефикасна имплементација. Од 27 февруари до 1 март 2020 година, во Битола бевме домаќини на **втората регионална работилница за дизајнирање на програмата** за размена на волонтери со учество на претставници од сите партнерски организации.



Во рамките на активностите за застапување бевме активно вклучени во мешовитата работна група за подготовка на законски измени за волонтерството и за подготовка на новата Национална стратегија за волонтирање 2021-2025. Дополнително, го подготвивме обновеното издание на **Националниот извештај за волонтирање во Република Северна Македонија** кој во декември 2020 година беше публикуван од Европскиот волонтерски центар од Брисел. Проектот е поддржан со фондови на Министерството за надворешни работи на Норвешка.

## ВОЛОНТЕРСКИ НАГРАДИ 2020

По повод 5-ти декември Меѓународниот ден на волонтерите, Младински културен центар – Битола (Волонтерски центар на Македонија) од 2006 година востанови Национални волонтерски награди во Република Македонија.

ЗЛАТЕН СЕРТИФИКАТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО ВО 2020 ГОДИНА доделивме на неформалната волонтерска инцијатива **3Д Принт Медицинска опрема**. Зошто?

- Поради иницијативата која ја започнаа во март 2020 година – изработка и донација на заштитни маски со визири, заштитна опрема од вирусот Ковид 19.
- Затоа што оваа екипа ентузијасти покажаа што значи хуманост, поддршка на тие кои имаат потреба во најтешките моменти, заштита на личното и грижа за сеопштото јавно здравје.
- Затоа што обединија повеќе од 22.000 граѓани, институции, компании... од цела држава и до овој момент изработија и донираа повеќе од **47.000 визири** ширум цела Северна Македонија.
- Затоа што тие се хероите на ова време кое ни донесе сосема нови предизвици, тие искрено и волонтерски ја нудат својата помош и поддршка на начин на којшто умеат да го прават тоа, со чисто срце. без скриена агенда. Тие ја вратија вербата дека мала група на луѓе може да обедини цел мехнизам на граѓани и навистина да направи голема промена.

TOGETHER
WE CAN
THROUGH VOLUNTEERING

## ПРОГРАМА: НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

### ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НОВИ МОЖНОСТИ - БИТОЛА

Програмата се спроведува како резултат на соработката и партнерството меѓу Младински културен центар- Битола и СОС Детско село Северна Македонија која започна во јуни 2020 година.

Главната цел на програмата е да се подобрат **изгледите за вработување и активно учество на пазарот на трудот** на ранливите и загрозените млади од Битола на возраст од 16 до 35 години. Програмата за животни вештини и вработливост наменета за млади лица, обезбедува комплетна поддршка пред вработување преку обуки, менторство и индивидуално советување, можност за практична работа за стекнување работно искуство и можност за бесплатна стручна доквалификација.

Првата група од **10 учесници** успешно ја заврши програмата за обука во месец декември 2020 година. По завршување на програмата, учесниците се стекнуваат со Сертификат кој ќе овозможи полесно вработување според интересите и компетенциите на учесниците. До крајот на имплементацијата на проектот ќе бидат опфатени вкупно 50 млади невработени лица.



## ЛОКАЛНИ ПАРТНЕРСТВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ – БИТОЛА СТАРТ АП ЦЕНТАР

Под водство на Локалниот економско социјален Совет на општина Битола, партнерите (Општина Битола, Младински културен центар-Битола; Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА плус; Техничкото училиште „Ѓорѓи Наумов"-Битола; Регионална Стопанска комора Битола; АВРСМ; Интерворкс Едукативен Центар – Битола; Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола) спроведуаат активности за поголема вработливост во Пелагонискиот Регион, **промовирање на екосистем за стартапи и поддршка на претприемништвото.**

Битола
Старт-ап
Центар

Во рамките на овој проект годинава изработивме **Ситуациска анализа** за мапирање и дефинирање на маргинализирани целни групи пред кои понатаму ќе се промовираат можностите и услугите на Старт-ап центарот и начини за нивно анимирање.

## МЛАДИНСКИ ИНФО КЛУБ БИТОЛА

Младински инфо клуб Битола е поддржан од УНДП, канцеларијата во Македонија. Целта на Младинскиот инфо клуб е информирање на младите невработени лица и студентите за можностите за (само)вработување, волонтирање, практикантство и професионално усовршување преку мерките и програмите за вработување, мерките за поддршка за креирање на нови работни места и зголемување на вработливоста на младите лица согласно Оперативниот план за вработување и други активни програми.



На овој начин придонесуваме за зголемување на информираноста на младите лица и бизнис заедницата, поврзување на младите лица со работодавачите, вклучување на младите лица во неформалното образование за стекнување на меки и струкови вештини и вработување. Во оваа програма вклучивме/ информиравме и советувавме **372 млади лица и 197 бизниси и ги зајакнавме вештините на 45 млади лица** и продуциравме 6 информативни радио емисии на УКЛО ФМ насловени „Младински Фактор".

## ПРОЕКТ: ПРЕЗЕМИ АКЦИЈА, НАПРАВИ КАРИЕРА

Овој проект ги надополни активностите за неформално образование и во оваа насока отворивме простор за индивидуална поддршка и кариерно насочување на млади невработени лица од Пелагониски регион. Реализиравме циклус на модифицирани настани кои функционира на база на индивидуални и вмрежувања во мали групи и информирања помеѓу младите и бизнис заедницата. Проектот беше поддржан од Агенцијата за млади и спорт.

## МОФ КЛУБОВИ

МОФ клубовите кои функционираат во МКЦ Битола нудат можност младите луѓе од градот и околината да учат, да се дообразуваат, да се дружат и да креираат на различни теми и идеи заедно. Во 2020 година клубовите функционираа **целосно онлајн.** Согласно потребите и интересите, младите ги посетуваа учиме право – почетен курс, медиа арт клубот, дебатниот клуб и за клубот за демократско учество.

## МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ЗА МЛАДИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ

Проектот **„Медиумска писменост за млади во рурални средини"** се реализираше во периодот од февруари до септември 2020 година во соработка со локалните граѓански организации од Пелагонискиот регион - Граѓанска актива ИКАРУС од Демир Хисар и Здружението за спорт и култура од Могила. Целта беше да се промовира медиумска писменост кај младите и децата од руралните области, да се поттикне нивното критичко разбирање за медиумите и да се зајакнат капацитетите на локалните граѓански организации за промовирање на медиумска писменост на локално ниво.

Во рамките на проектот се подготвија **8 кратки ТВ емисии** кои беа емитувани на регионалната телевизија Тера, а беа опфатени актуелни теми како превенција од КОВИД-19, онлајн настава, борба против лажни вести и медиумски манипулации. Проектот се реализираше со поддршка на Македонскиот институт за медиуми преку фондови на Европската унија. Медиумски партнер во проектот беше **ТВ Тера.**

## ПАРТНЕРСКИ ПРОЕКТ КА2 ЕРАЗМУС+: ПО ПАТОТ НА ПОМИРУВАЊЕТО – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА МИРНО ОПШТЕСТВО

***„По патот на помирувањето – зајакнување на заедниците за мирно општество"*** е проект за градење на капацитетите финансиран од Европската Унија во рамките на Еразмус+ програмата. Водечки апликант е организацијата „Beyond Barriers Association„ од Албанија во соработка со пет други партнери од: Босна и Херцеговина – „Mladi Volonteri", Хрватска „LDA Sisak", Косово – „Lens", Северна Македонија – Младински културен центар – Битола, Србија „Едукативни центар Крушевац".

Активностите во 2020 година вклучуваа изработка и публикување на **деск истражување** за политиките на помирувањето и борбата против говорот на омраза во Северна Македонија од надворешниот соработник Слаѓан Пенев. Дополнително беше изработен и публикуван регионален документ за јавна политика **„Генерацијата "Z" – мотор на новото време на помирувањето".**




Во рамките на проектот беше објавен и јавен награден конкурс за дизајн на разгледници **#UnitedWeStand** на кој зедоа учество млади од 16-25 години од земјите на Западен Балкан. Победничката разгледница од нашата земја и награда од 50 евра ја доби **Кристијан Топалов** од Кочани. Сите наградени разгледници со пораки за помирување беа отпечатени и дистибуирани до јавни институции, до носители на одлуки на национално и локално ниво, граѓански и младински организации, медиуми и млади волонтери од земјата.

## ПРОГРАМА: ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

## ПРОЕКТ „УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО ЗАЕДНИЦАТА"

Проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата" овозможи реактивирање и стимулираше поефикасно функционирање на **Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС)** во пет општини - **Битола, Струга, Штип, Тетово и Гостивар**.

Во рамките на проектот се организираа **3 Форуми во заедницата** и **5 панел дискусии** со активно вклучување на **220 учесници** - претставници на различни засегнати страни (локални власти, работодавачи, синдикати, граѓански организации, образовни институции, центри за вработување, стопански комори, средношколски и студентски сојузи итн.) во конструктивен социјален дијалог. Настаните беа тематски фокусирани на актуелни прашања и проблеми од областа на социо-економскиот живот во локалната заедница. Локалните економско социјални совети служеа како агрегатор на идеи и промотори на квалитетен социјален дијалог.




За потребите на проектот, МКЦ Битола воспостави партнерска соработка со 4 локални граѓански организации: Центар на заедницата на општина Струга, Гласен Текстилец - Штип, Мултикултура - Тетово и Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) - Гостивар. Вкупно **20 претставници на граѓанските организации** - партнери во проектот, ги зајакнаа нивните знаења и вештини за промовирање на социјалниот дијалог и преку проектните активности работеа на фасилитирање на социјалниот дијалог на локално ниво.

Проектот е финансиски поддржан од Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска.

## РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ГА МОСТ

Како регионална канцеларија на МОСТ, МКЦ-Битола ги набљудуваше предвремените Парламентарни избори 2020 со **61 набљудувач**. Тие беа обучени и распоредни во 4 општини Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци каде известуваа за текот на изборниот ден и за процесот на гласање. Дополнително, беа испратени над **80 дневни мониторинг извештаи** и над **200 извештаи** од настаните и од онлајн кампањата на претставниците на политичките партии.

## БЕСПЛАТНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

## ПРОЕКТ: „ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО МАКЕДОНИЈА"

Во текот на изминатите десет години МКЦ - Битола континуирано работи и дава придонес преку унапредување на правото на граѓаните до правична судска заштита и пристап до правда, особено на социјално загрозените граѓани. Имено, во текот на 2020 година вкупно **206 граѓани** се обезбедени со примарна правна помош, односно со иницијален правен совет, општа правна информација и општ правен совет. Од наша страна поднесени и одобрени се четири барања за секундарна правна помош, сите за бесплатно застапување во бракоразводна постапка, за кои две барања судските постапки се во тек, а за две барања постапките се завршени. Во рамките на активностите, а со цел подетално информирање на граѓаните од општините Струга и Демир Хисар со примената на Законот за бесплатна правна помош, одржани се две едукативни сесии на кои учество зедоја **35 граѓани.** Активностите од проектот се реализираа со финансиска поддршка од Фондација Отворено – општество Македонија.




## ПРОЕКТ: „ПРАВНА ПОМОШ И ПОДДРШКА ЗА ГРАЃАНИТЕ ОД ФОРМАЛНАТА И НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО УСЛОВИ НА КРИЗА"

Како резултат на зголемената потреба од правна и административна поддршка за граѓаните, како од формалната, така и од неформалната економија, во месец јули 2020 година започна со примена проектот „Правна помош и поддршка за граѓаните од формалната и неформалната економија во услови на криза". Целта на овој проект е да се зголеми информираноста на граѓаните од Пелагонискиот регион за нивните права и начините на нивно заштитување и остварување, особено заштита и остварување на правата од работен однос. Во првите шест месеци од реализацијата на проектот во нашата канцеларија се обратија вкупно **165 граѓани од општините Битола, Прилеп, Демир Хисар, Струга и Охрид.** Со цел информирање и олеснување на граѓаните до пристапот на нашите услуги воспоставена е соработка со институции и организации од овие градови, како и изготвени се промотивни материјали, постери и летоци, кои се поставени на видни места во овие општини. Активностите од проектот се реализираат со финансиска поддршка од Фондација Отворено – општество Македонија.

## МОФ: АНГАЖИРАНИ СТУДЕНТИ ЗА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ БЕЗ КОРУПЦИЈА

Партнерски сме вклучени во овој проект на МОФ кој работи на креирање на истражување за корупција во студентските домови, спроведување на **локални акции** за подобрување на условите во домовите, како и организирање на тренинг и креирање на прирачник за студентски права, а со цел подобрување на **студентскиот стандард** и креирање на активни студенти запознаени со нивните права.

## НМСМ: ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИТЕ РЕФОРМИ

Младински културен центар- Битола во овој проект е вклучен во делот на менторирање на млади индивидуалци-мобилизатори од Пелагонискиот регион. Во рамките на нивните обврски за подготовка на истражувања и анализи од аспект на мониторинг на мерки и политики на институциите на локално и национално ниво како и во имплементацијата на нивните иницијативи произлезени од мониторингот. Проектот е имплементиран од страна на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) во партнерство со Националниот младински совет на Македонија (НМСМ).

## ПАБЛИК: ЛИЦЕ В ЛИЦЕ

„Лице в лице" е единствено улично списание во земјава. Дел е од платформата за одржлив развој, во чии рамки се одвиваат низа активности за зајакнување на ранливите групи луѓе во нашето општество, за демаргинализација, за промовирање на добри, одржливи и корисни практики. Уличното списание „Лице в лице" е независен медиум кој излегува еднаш на два месеци. Функционира во склоп на Мрежа на партнерски организации со кои се дистрибуира во Скопје, Неготино, Струга, Охрид, Битола, Куманово. Продавачи се најзагрозените, маргинализирани сограѓани. За Битола, партнерска организација за промоција и дистрибуција е е МКЦ-Битола со продавачката Мубија Милошевска.



## ПРОГРАМА: УРБАНА КУЛТУРА

### МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ АРТ ФЕСТИВАЛ „БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД 2020"

**БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД** е фестивал кој е повеќе од уметност. За сите Вас, Битола отворен град ќе трае само неколку денови, а за нас во МКЦ-Битола, Битола отворен град трае цела година. Радост е да се мотивираат луѓето кои сакаат музика, уметност...и воопшто култура да се активираат во фестивал кој според нас е општествен процес. Процес во кој на симболичен начин спојуваме различни генерации кои поминале и креативни, но и бавни години во општествени промени на ова тло, а годинава и месеци во изолација, но никогаш не ги напуштила **желбата за култура и уметност.**

Интеркултурната соработка е белег на фестивалот, но во услови на пандемија, карантини и изолација моравме да направиме еден напор за саморефлексија. Се фокусиравме на македонските уметници, музичари, за да им дадеме поддршка и да ја промовираме македонската уметност и музика. Фестивалот се одржа **од 3 до 5 септември 2020 година.**




„Битола отворен град" започна со изложбата „Најкул мртви луѓе" (Coolest dead people) на графичкиот дизајнер и илустратор **Кристина Карапеоска**. Изложбата е визуелизација на помалку познати факти за многу значајни ликови од историјата, како Чарлс Буковски, Чарли Чаплин, Елвис Присли и други. Во Магазата одржавме промоција на монографијата „Македонска дискографија-винили (1958- 2019)" од **Тошо Филиповски**, пропратена со музика во живо од винили на **DJ Chiko**. Станува збор за капитално дело во кое се опфатени 333 винилни изданија на кои е забележана музика од македонски автори, музичари, изведувачи и продуценти на околу 480 страници.







Концертот кој обедини три исклучителни македонски бендови се одржа на 4 септември во Античкиот локалитет Хераклеја. Концерт кој докажа зошто на нашите музичари им се потребни концерти и комуникација со публиката...и зошто публиката заслужува најдобро. Свежината на **Pluto's Doubts**, сензибилитетот на **Фолтин** и енергијата на **Суперхикс** (Банда Инструментале) создаде музички омнибус под исто небо на една античка сцена која евидентира уште еден музички настан за добрата историја на музиката.





Спој помеѓу осмислената тишина и совршената музичка врева. Таков концерт му се случи на Фестивалот БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД на последната вечер. Слободно може да се каже дека беше глобално звучно треперење на еден битолски релативно нов бенд, составен од познати музичари **ВЕЛ** .... и еден култен скопски бенд со уникатна музичка идеологија, кој бил и сé уште е ѕвезда северница за многу аудиофили и музичари во регионот, **МУГЕР ФУГЕР** кои пак заедно со неуморниот и секогаш свој **Горан Трајкоски [ГоТра]** ставија личен жиг на затварањето на овој фестивал. Една фузија на dark-wave & gothic, музички експерименти кои тргаат од гитарските школи на 80-тите, враќаат отсечно кон традиционални напеви, а во континуитет ја имаме електрониката. Фестивалот очигледно во 19-та година кажа дека светлото во тунелот на музиката е сосем сјајно.





Концертите се одржаа по сите протоколи за заштита од Ковид-19. Билетите беа бесплатни, но со задолжителна онлајн резервација, зашто бројот на посетители беше строго ограничен. Фестивалот беше поддржан од Министерството за култура, општина Битола и комерцијални спонзори.

## ИПА ПРОЕКТ SMART-CUL-TOUR

Проектот е дел од ИПА II на Програмата за прекугранична соработка на Република Северна Македонија и Република Албанија 2014-2020 и има за цел да го поттикнува туризмот, да го заштитува и промовира културното и природното наследство на целните региони со цел да овозможи избалансиран и одржлив социо-економски развој во прекуграничниот регион на **Пелагонија и Корча.**




SMART-CUL-TOUR е имплементиран од страна на пет партнери од двете соседни земји, и тоа: Општина Битола како носител на проектот и партнер институциите: Општина Пустец, НУ Завод и Музеј Битола, Регионален Директорат за култура од Корча и МКЦ – Битола.

Активностите кои ние ги имплементираме се во насока на **обезбедување на видливост** на резултатите од проектот, креирање на интегрирани туристички пакети за прекуграничниот регион на Пелагонија и Корча, нивна промоција и продажба.

## MOVIES THAT MATTER

МКЦ-Битола ги организираше настаните во партнерство со Фестивалот на филм за човекови права **"Movies That Matter"** од Хаг, Холандија и со поддршка на Холандската амбасада во Република Северна Македонија.

Настанот во **Битола** вклучуваше проекција на играниот филм **"The Reformist** (Реформаторка)" од данска продукција и модерирана дискусија за темата на филмот со присутните на проекцијата. Модератор на настанот беше *Г-а Рената Јајоска* - поранешна Потпретседателка на Млади Европски Социјалисти (Young European Socialists YES).




Настанот во **Демир Хисар** вклучуваше проекција на игран филм **"Esta Todo Bien** (Сé е добро)" од Венецуелска продукција и модерирана дискусија за темата на филмот со присутните на проекцијата. Темата на филмот е поврзана со функционирањето на здравствениот систем во Венецуела, а модератор на дискусијата после филмот беше *Д-р Билјана Гагачовска* - Директорка на Клиничката Болница во Битола.



## ПРОГРАМА: ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Во рамките на оваа програма персоналот, членовите и волонтерите на МКЦ-Битола учествуваа во голем број на обуки, работилници, семинари и конференции за зголемување на знаењата и вештините. Поради состојбата со пандемијата на КОВИД-19 од месец март 2020 година поголем дел од обуките се одржани со користење на **онлајн алатки**.

Дел од темите на кои имавме учесници во обуките беа фокусирани на менаџмент на случаи (case management), кариерно советување, финансиски менаџмент, напредно управување со проектен циклус, алатки за онлајн учење и фасилитација, обука за развој на регионална програма за волонтирање, обука за обучувачи за животни вештини, вештини за вработливост, менторство и други.

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:

**МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – БИТОЛА**
ул. Цар Самоил 29 Битола 7000 Северна Македонија
Тел. 047 233 020
Е-маил: mkcbt@t.mk
Веб: www.mkcbt.org.mk
www.volonter.mk
https://www.facebook.com/mkcbt/
https://www.instagram.com/mkcbitola/
https://twitter.com/mkcbitola